Архивски број: 08-160/5
29-04-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-160/1 од 05.02.2024 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Битола, за извршена дискриминација врз друга основа и врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted] вработен во Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија како [redacted] СВР Битола, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ЗАПИРА ПОСТАПКАТА** по претставката бр. 08-160/1 од 05.02.2024 година, поднесена од [redacted] од Битола, за извршена дискриминација врз друга основа и врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted] вработен во Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија како [redacted] за полиција СВР Битола, **поради повлекување на претставката од страна на подносителот.**

## Образложение

На 05.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Битола, со адреса на живеење на [redacted] во Битола, за сторена дискриминација врз друга основа и врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted] вработен во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија како [redacted] за полиција СВР Битола.

Според наводите во поднесената претставка, подносителот во периодот од 01.02.2023 година до 01.02.2024 година бил дискриминиран и понижуван од страна на [redacted] СВР Битола споредено со други негови колеги, со цел да му се наштети на неговиот чест и углед, како и на неговата материјална положба. Наведува дека му се вршела дискриминација во однос на ангажирање за контролни служби – сите полициски службеници од одделението вршеле контролни служби освен тој со цел дискредитација на неговата личност како помошник началник

на Одделението за полиција СВР Битола. Понатаму наведува дека му се вршела дискриминација во однос на ангажирање за време на викенди, празници и ноќни смени со што и финансиски бил оштетен. Крајно наведува дека бил дискриминиран во однос на ангажирање за поголеми настани и обезбедување, како обезбедување за време на поголеми настани, и тоа Илинден 2023 година во Крушево, Пиво Фест во Прилеп, обезбедување на ВИП личности и слично.

По ова Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 21.02.2024 година се обрати до Министерство за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи Битола со Барање 08-160/2 за произнесување по наводи во претставка. Одговор од страна на министерството под нивни Бр. 23.22.5/1391 од 05.03.2024 година е пристигнат во Комисијата на 25.04.2024 година и заведен под број 08-160/4.

Во меѓувреме на 23.04.2024 година пак, до Комисијата преку електронска пошта со Известување 08-160/3 се обрати подносителот на претставката [redacted] од Битола со кое ја извести Комисијата дека ја повлекува претставката заведена под број 08-160/1 од 05.02.2024 година, поднесена од негова страна.

Заради сето изнесено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација најде дека се исполнети законските услови од **член 27 став (6) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, согласно кој** ***"Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.""***

Земено предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
29.04.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk